# Што значи прогласување за несакан странец за вас?

Од Службата за имиграција и натурализација (IND) сте добиле прогласување за несакано лице. Во решението кое сте го добиле е наведено зошто ве прогласиле за несакан странец. Во оваа брошура ќе прочитате што значи прогласување за несакано лице и што значи тоа за вас.

1. Што е прогласување за несакано лице?
2. Колку трае прогласувањето за несакано лице?
3. Што значи внесување на предупредување во информациски систем?
4. Кога ќе се отстранат вашите податоци од на SIS или од E&S?
5. Што се случува ако, и покрај тоа, се најдете во Холандија?
6. Што можете да направите вие ако не се согласувате со прогласувањето за несакано лице?
7. Кога ќе ви се дозволи пак да патувате за Холандија?
8. Како можете да побарате (привремено) укинување на прогласувањето за несакано лице?
9. Што треба да правите ако имате прашања?

## 1. Што е прогласување за несакано лице?

Во прогласувањето за несакано лице стои дека вие не сте добредојдени во Холандија. Прогласување за несакано лице ќе ви се даде ако службата IND реши дека вие претставувате опасност за Холандија. Тоа е мерка против лица кои обично извршиле некое кривично дело. Често се работи за едно кривично дело. Поради прогласувањето за несакано лице вие морате веднаш да заминете Холандија. Потоа не смеете повеќе да влезете во Холандија. Поради прогласувањето за несакано лице, за вас ќе биде внесено предупредување во еден информациски систем. Прочитајте под прашањето 3 што значи внесување на предупредување.

## 2. Колку трае прогласувањето за несакано лице?

Прогласувањето за несакано лице обично нема краен датум и не престанува се додека службата IND не донесе решение за тоа. Тоа може да се случи ако вие поднесете барање за укинување на прогласувањето за несакано лице. Под прашањето 8 е објаснето на кој начин можете да поднесете барање за укинување на тоа решение.

## 3. Што значи внесување на предупредување во информациски систем?

За вас ќе се внесе предупредување во врска со прогласувањето за несакано лице. Распишување на предупредување значи дека државните органи вашите лични податоци ќе ги внесат во еден информациски систем. Врз основа на внесеното предупредување за вас, граничната полиција и полицијата можат да видат во информацискиот систем дека вие сте несакан странец. По извршена проверка, тие можат да ве запрат на граница. Во тој случај не ви се дозволува да влезете во земјата. Во решението се наведува системот во кој ќе биде внесено предупредувањето за вас.

Постојат 2 система:

- Системот E&S: е информацискиот систем на холандската полиција и на Кралската воена полиција.
- Системот  SIS: е европски систем кој е достапен за граничната полиција и полицијата на Шенген земјите. За тоа кои земји спаѓаат во Шенген земји можете да прочитате на интернет страницата www.ind.nl/schengengebied или www.ind.nl/schengenarea.

Предупредување за вас може да биде внесено само во еден систем.

### 4. Кога ќе се отстранат вашите податоци од на SIS или од E&S?

Ако сте побарале трајно укинување на прогласувањето за несакано лице и ако тоа барање е одобрено.

### 5. Што се случува ако, и покрај тоа, се најдете во Холандија?

Престојот во Холандија е казнив. Може да ви се одреди затворска казна од најмногу 6 месеци или парична казна од неколку илјади евра. Тоа е предвидено во член 197 од холандскиот Кривичен законик.

### 6. Што можете да направите вие ако не се согласувате со прогласувањето за несакано лице?

Вие можете да поднесете жалба кај Службата за имиграција и натурализација (IND). Во решението кое сте го добиле е наведено на кој начин треба да го направите тоа.

### 7. Кога ќе ви се дозволи пак да патувате за Холандија?

Кога службата IND ќе го укине вашето прогласување за несакано лице. Ова ќе се случи само ако вие поднесете барање за укинување и ако службата IND го одобри вашето барање.

### 8. Како можете да побарате (привремено) укинување на прогласувањето за несакано лице?

Вие можете да побарате да се укине прогласувањето за несакано лице. Ако се работи за вонредни и итни ситуации, можете да поднесете барање за привремено укинување. За поднесување на барањето треба да го употребите образецот *Verzoek tot opheffing van een ongewenstverklaring, inreisverbod of besluit tot signalering* [Барање за укинување на прогласување за несакано лице, забрана на влез или решение за распишување на предупредување] (9004 или 9504) на интернет страницата. Пополнете го и испратете го до службата IND.

Барање за укинување може да поднесе и некој друг за вас. Во тој случај е потребно вие на тоа лице официјално да му дадете согласност да настапи во ваше име. За тоа треба да изјавите во образецот и да се потпишете за тоа. Тоа се вика полномоштво.

### 9. Што треба да правите ако имате прашања?

- Посетете ја нашата интернет страница www.ind.nl/ongewenstverklaring или www.ind.nl/en/undesirability.
- Јавете се по телефон на бројот за информации на IND: +31 88 043 04 30. Овој број е достапен од понеделник до петок од 09:00 до 17:00 часот.

*Од содржината на оваа публикација не можат да се стекнат никакви права. Ако преводот доведе до разлики во толкувањето, холандската верзија е водечка. Текстот од ова издание е дозволено да се користи со наведување на изворот.*